# Кој е денес главен
**(Excerpt in Macedonian)**

Translated by: Ivanka Apostolova Baskar
Contact of the translator: ivankaapostolova@gmail.com

## КАКО СЕ РАСТЕ

Почнува вака:  прво си малечок како сардина во стомакот на мама. Кога ќе пораснеш голем колку векна леб, излегуваш од стомакот. Додека не проодиш растеш на долго и високо. Се чувствуваш многу важно, кога ќе пораснеш до кваката на вратата, и уште повеќе си важен кога ќе достигнеш да го вклучиш светлото. Како те нарекуваат, кај девојчињата тоа се одвива на следниов начин: Ника сега е девојче, исто како сестра и` Лија. Нејзината сестра Лучка е девојка, мама е жена. (Како оди со момчињата, нека си размислат самите). Еден ден и Ника ќе стане девојка а потоа жена. Сака да знае кога тоа ќе се случи и како ќе знае дека станала девојка, а подоцна како ќе знае дека е жена.

Лучка и` објаснува:

„Ќе дознаеш се` спонтано. Но најпрвин мора да научиш како се вели: ПОРРРАСНИ. Ти тоа сеуште не го знаеш. Изговараш се` на Л. Ти велиш: ПОЛЛЛАСНИ.  Ме слушаш ли?    ПОЛЛЛАСНИ. Слушаш ли како тропа мојот јазик?‘‘

Ника разбира. Почнува да вежба:

„ЛЛЛЛ.ЛАСТЕ.‘‘

„Не, не, Ника, кај тебе ништо не тропка. Слушни: РРРР. Јазикот мора да тропа како трактор. РАСТЕ.‘‘

Ника се обидува:

„ЛЛЛЛ. Тлактол. Ласте.‘‘

„Не, не,‘‘ вели Лучка. „Денес не ти оди. Сеуште си малечка. Можеби утре.‘‘

Ника е загрижена.  А што ако утре е веќе доцна и нејзиниот јазик никогаш не успее да тропка, и таа никогаш нема да стане девојка и никогаш жена?  Многу е загрижена, по цел ден вежба и се труди. Вечерта кога мама, која е жена,  ја поздрави за лека ноќ, Ника и понатаму вежба: „ЛЛЛ.ТЛАКТОЛ.ЛАСТЕ.‘‘

Не оди. Никако не и` успева! Разочарана е. Вежбајќи заспа и сонува за Л, која не сака да тропа, туку само лопа. Утрото кога се разбуди, нејзиното јазиче е одморено. Повторно се обидува да го протресе, И пази: Л одеднаш почнува да тропка – РРРР! И` успеа, таа успеа: „РРРР!‘‘ повторуваа таа. „ ТРАКТОР!‘‘ вежба таа. „РАСРЕ!‘‘

Вон себе е од радост. Брзо стана. Трча боса низ куќата, за да ја најде Лучка и да и` каже за својот успех.  Ја најде во кујната на доручек.

„Ручка, Ручка, порасрав!‘‘ вика. „Срушни. Трактор! Срушаш, како тропа? Веќе сум горема! Ќе станам ли сега древојка, ќе станам ли посре жена?‘‘

## КОГА НИКА ЌЕ ПОРАСНЕ

Ника само што го прослави својот четврти роденден. Претходно се научи како со раката да покаже дека е стара четири годинки. Тоа всушност и не е така едноставно. Четвртиот прст и` штрчи надолу. Со другата рака мора да го фати најмалиот прст, за четвртиот прст да остане исправен. Мама вели, дека може поинаку да покаже: сокриј го првиот прст,

палецот. На Ника тоа и делува сосема глупаво. Палецот е прв, мора да го скриеш последниот, нели растеш по ред: прво си стар една година, потоа две, потоа три ... не можеш да почнеш од позади. Ах, многу е поедноставно да се има пет години. Ги покажуваш сите пет прсти и ете ти. Тогаш навистина ќе биде голема. Веднаш потоа ќе почне да оди на училиште. Ќе црта кругови и црти во големи тетратки и ќе знае да смета, колку е седум плус еден. Навечер ќе ги работи домашните задачи и ќе учи. Кога мама ќе каже: „Ника, ајде на спиење,‘‘ таа ќе одговори: „Не можам, немам време, имам домашно.‘‘

Кога Ника ќе порасне, ќе вози голем велосипед. Во џебот ќе има испит. Ако ја запре полицаец, ќе му го покаже испитот со својата слика  и со главата ќе му даде знак велејќи му: „Види, полицаец,  имам кацига.‘‘ Потоа ќе се смее, бидејќи полицаецот бледо ќе ја гледа и ќе се чуди:„Толку малечко девојченце, а толку голема.‘‘ Ха, така ќе гледа, а таа ќе продолжи напред и самата ќе оди во продавница со велосипедот.

Наскоро ќе може да сече и со нож. Ќе има остар нож. Ќе сече компир, леб, сирење и кромид. По цели денови ќе сечка, храната ќе ја земе од фиоките на ладилникот, и ќе ја исечка на мали парченца, потоа од нив ќе зготви минештра супа, во голем лонец, за целото семејство. Сепак нешто поинаку ќе направи од мама: кога ќе го сечка кромидот, таа нема да плаче и шмрка. Навистина тоа е глупаво, мама која е толку голема девојка, да цмиздри поради исечканиот кромид.

Кога ќе порасне, под џемперот ќе носи градник. За на училиште ќе има чизми. Ќе ги носи над тесни хеланки, како Лучка. Чизмите ќе имаат мала потпетица и усните наутро ќе си ги намачка со шминка, за да и` светат како џамлии. Ќе патува со школскиот автобус и ќе има торба преку едното рамо. Кога ќе се врати дома, ќе каже нешто за будалестите соученици. Ќе знае англиски јазик, и ќе зборува: „Уан, ти, фри, фор, тенкс и сори!‘‘кога некој ќе ја праша, како и` е на школо, понекогаш ќе каже: „Фул фино,‘‘некогаш пак ќе рече: „Фул мизерно,‘‘ за да може да ги употреби сите фраерски зборови.

## **НИКА ПАПУЧАРКА**

Кога некој од децата наутро нема да ги најде папучите, мама нема да каже: „Мачката ви ги однесе,‘‘ туку ќе рече: „Веројатно се таму, каде што синоќа сте ги оставиле.‘‘

Добро е што Ника секогаш се` наоѓа. Веднаш штом ќе слушне како некој вели: „Кај ми се влечките?,‘‘ и како мама, секогаш исто одговара, брзајќи по набавки. Насекаде ги бара. На полиците, зад софата, во фиоките. Толку е мала што може да влезе под креветот и зад креденчето. Ги проверува сите катчиња во куќата. Другите боси чекаат седнати на креветот. Кога Ника пак ќе се појави, рацете и ` се полни со влечки. Црвените му ги носи на Тин, сините ги остава пред Лучка, жолтите пред Лија ... Нејзините нозе и понатаму боси шлапкаат на студениот под! Каде се нејзините розеви влечки?

Сега Тин, Лучка и Лија, облечени, бараат низ куќата. Ника чека седната на софата.

И другите бараат насекаде по сите катчиња и дупки. Бараат и внатре во шпоретот, во кошот со алишта и зад ладилникот.  Но розевите влечки не ги наоѓаат.  Тогаш и текнува на Лучка, оди да види и во кутијата со играчки. Види, види, розевите влечки се на нозете

на големото мече на Ника.  На полноќ му студело на нозете, па си ги облекол. Лучка ги носи влечките во дневната соба. Ника се радува. Ако му студи на мечето кое е влакнесто, зошто не би и` студело и на Ника, која нема ниту едно влакно на нозете.